# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

08 февруари 2023 | Излегува по потреба | Година XVIII | број 3




e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОМОШ НА НАСТРАДАНОТО НАСЕЛЕНИЕ ПОГОДЕНО ОД КАТАСТРОФАЛНИОТ ЗЕМЈОТРЕС ВО РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА И АРАПСКА РЕПУБЛИКА СИРИЈА**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства за помош на настраданото население погодено од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Арапска Република Сирија, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 07 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-757/1**
**од 08 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 2 од Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и втората седница одржана на 07 февруари 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОМОШ НА НАСТРАДАНОТО НАСЕЛЕНИЕ ПОГОДЕНО ОД КАТАСТРОФАЛНИОТ ЗЕМЈОТРЕС ВО РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА И АРАПСКА РЕПУБЛИКА СИРИЈА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба во знак на хуманост и солидарност доделува финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година за помош на настраданото население погодено од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Арапска Република Сирија, што се случи на 06.02.2023 година.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се одобруваат средства во вкупен износ од 500.000,00 денари, кои ќе се исплатат од средствата предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, од Програма - АО - Совет на општина, ставка 413 - тековна резерва.

**Член 3**

Одобрените средства да се уплатат на соодветна донаторска сметка на надлежната институција.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-706/2**
**од 07 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за доделување на финансиски средства за помош на настраданото население погодено од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Арапска Република Сирија . . . . . . . . . . . . . . .2

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 03/23**
**22 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци